# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Александра Цветановска, посебен советник на Министерот за правда<br>Контакт: acvetanovska@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго Реформска агенда 2024- 2027<br>____________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 06.05.2025 г. |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | _____2025 г. |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | _____2025 г. |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | _____2025 г. |

1. **Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

Во рамки на Развојната Секторска Стратегија за правосудство 2024-2028 година (во натамошниот текст: Развојната Стратегија) со Акциски план 2024-2028, усвоена од Владата на Република Северна Македонија во декември 2023 година, предвидени се неколку клучни приоритети поделени во пет приоритетни области.

**Во рамки на приоритетната област 1 Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ**, чија цел е зајакнување на владеењето на правото преку унапредување на независноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство, обезбедување на ефикасност и ефективност на правосудниот систем во согласност со стандардите на ЕУ, предвидени се мерки неопходни за обезбедување на целосна усогласеност на судството и јавното обвинителство со правото на ЕУ.

**Во рамки на приоритетна област 2 Институции на правосудниот систем, се** предвидува збир на мерки и активности кои се насочени кон зајакнување на капацитетите и одговорноста на посебните институции на правосудниот систем, кои се соочуваат со различни видови на проблеми кои може да се адресираат единствено со мерки кои се приспособени на потребите на институцијата. Зајакнувањето на човечките, техничките и организациските капацитети на овие институции, вклучувајќи ја и нивната одговорност, е неопходно за остварување на целите во рамки на приоритетната област 1.

Во Стратегијата во делот на анализата на постојната состојба кај капацитетите на институциите на правосудниот систем наведени се следните предизвици со кои се соочува Судскиот совет:

*„Клучна институција која треба да ја штити независноста на судството е Судскиот совет. Сепак, се појавија одредени јавно изречени наводи од страна на поранешни претседатели на ССРСМ за внатрешни и надворешни мешања во судскиот систем. Неодамнешна анкета објави дека повеќе од една третина од судиите се соочиле со обиди за влијание од извршната власт или претставници на политички партии. Анкетите на јавното мислење покажуваат значително ниво на недоверба во судството. Особено случувањата во Судскиот совет во 2022 и во 2023 година (спорното разрешување на претсетадеталката на ССРСМ кое за мнозинството од експертската јавност и граѓанското општество беше оценето во спротивност со законот и деловникот за работа и последователниот избор доведоа до сериозна загриженост за легитимноста на Советот во извршувањето на оваа значајна улога во обезбедување на независноста на судството и владеење на правото. Ваквите наводи беа оценети како особено загрижувачки од страна на Европската Комисија во извештајот за 2023. Заради овие случувања беше спроведена Оценска мисија на работењето на Судскиот совет на РСМ од страна на тим на меѓународни експерти преку ТАИЕКС програмата на Европската комисија. Извештајот од оценската*

*мисија е споделен со властите и препораките се интегрирани во мерките предвидени во оваа Стратегија. “*

За поставените стратешки мерки во рамки на Акцискиот план на Стратегијата развиени се повеќе активности во насока на постигнување на соодветната посебна и општа цел преку реализација на мерките.

**За да може успешно да се оствари Визијата на Стратегијата за независно, одговорно, транспарентно и достапно правосудство, отпорно на внатрешни и надворешни влијанија, кое ги штити човековите права и обезбедува владеење на правото на ефикасен начин, неопходно е да се реализираат општите и посебните цели дадени во рамки на секоја приоритетна област, заедно со мерките и активностите предвидени со Акцискиот план.**

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во Стратегијата и Акцискиот план детектирани се следниве клучни стратешки мерки за Судскиот совет, како одговор на детектираните проблеми во поголем број на домашните и меѓународни извештаи:

**Посебна цел 1.3: Зајакнување на механизмите за одговорност на лицата кои вршат функции во правосудниот систем**

Мерки:

- 1.3.1 Преиспитување и ревидирање на одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на судиите во однос на условите за иницирање на постапката, мерките за јавност, прецизирање на основите на жалба и јасно дефинирање на обврзувачката сила на конечните одлуки на органот кој одлучува по жалба
- 1.3.2 Усогласување на нацрт Законот за Судски совет со Законот за судовите во однос на дисциплинската постапка за судии
- 1.3.4 Ревидирање на одредбите од Законот за Судскиот совет и Законот за Советот на јавните обвинители кои се однесуваат на индивидуалната дисциплинска одговорност на членовите на советите со посебен фокус на дефинирање на причините поради кои може да се иницира постапката, органот/телата кои ќе постапуваат и правото на жалба. Во однос на Судскиот совет ќе се постапи согласно препораките од извештајот од оценската мисија на Судскиот совет.
- 1.3.7 Доследно почитување на системот за заслуги односно мерит систем при избор, унапредување и разрешување на сите носители на функции во органите на правосудниот систем и вработените во органите на правосудниот систем.

Посебна цел 1.5: Зголемување на транспарентноста во работењето на ССРСМ, СЈОРСМ, судовите и јавните обвинителства

Мерки:

1.5.1 Редовно објавување на првостепените, сè уште неправосилни судски пресуди, на веб-страницата на судот како и доследно и објавување на сите пресуди кои согласно закон треба да бидат јавно достапни.

1.5.2 Понатамошно зајакнување на транспарентноста на ССРСМ и СЈОРСМ преку објавување на сите извештаи за активности и образложени одлуки за именување, унапредување, разрешување и напредок во кариерата на судиите и обвинителите, директно пренесување на седниците како и редовното информирање на медиумите.

1.5.3 Зајакнување на вештините за комуникација и односи со јавноста и на судиите, обвинителите, како и члeновите на ССРСМ и СЈОРСМ

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог-законот е целосно изработен со учество на сите релевантни чинители, во истиот се инкорпорирани забелешките и препораките од претставниците на стручната правна јавност и судиите кои учествуваа на циклусот консултации за подобрување на законската рамка која ја уредува работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ). Во предлог текстот се земени во предвид препораки од Оценската мисија за функционирањето на Судскиот совет од експертите ангажирани од Европската Унија.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку Владата на Република Северна Македонија не го донесе предлог-законот ќе останат забелешките и слабостите на сегашното законско решение, кои при спроведувањето на законот во голем дел се покажа потребата од измени.

Дополнително, нема да се постапки по забелешките и препораките од повеќе домашни и меѓународни извештаи, како и стратешки мерки и активности, со што ќе се доведе во прашање напредокот на Република Северна Македонија во ЕУ, особено затоа што нема да бидат спроведени активности предвидени со Развојната Стратегија, Реформската Агенда и Патоказот за владеење на правото.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Владата на Република Северна Македонија по разгледувањето на предложениот текст на законот истиот да го усвои и да пристапи кон реализација на мерките и активности за Судскиот совет предвидени со Стратегијата и Акцискиот план, Реформската агенда и Патоказот за владеење на правото.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

Предлог законот ќе предизвика финансиски влијанија од причина што со новите предлог одредби се врши промена на начинот на пресметка на платата на лицата кои работат во стручната служба во Советот.
Промената се врши во однос на основната компонента на плата на службениците во делот на платата за степенот на образование и вреднувањето. Како и нивото на плата, односно делот на плата за работниот стаж на службеник на Советот со предлог на законот се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Вредноста на бодот за пресметување на платите на службениците на Советот, ќе се утврдува секоја година со одлука на Судскиот буџетски совет на предлог на Советот, во рамките на предвидениот буџет за Судскиот совет и врз основа на вкупниот број на службеници на Советот распоредени по соодветните нивоа за тековната година. Вредноста на бодот за пресметување на платите службениците на Советот нема да може да биде помала од 0,3% од минималната плата.
Вработените во Стручната служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе имаат право на додаток на плата за во однос на специфичност на работата и работните задачи во висина од 20% од основната плата на вработениот како и доверливост во висина од 15% од основната плата на вработениот.

### *4.3 Социјални влијанија*

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во ноември 2023 година во Министерството за правда беше формирана работна група за изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија со цел инкорпорирање на препораките за надминување на утврдените слабости во повеќе меѓународни извештаи и домашни стратешки документи,

Работната група беше составена од 23 членови, како претставници од академската заедница, Судскиот совет, судството и граѓанските организации. Работната група, заклучно со месец мај 2024 година изготви работна верзија на Предлог закон, со содржани законски решенија согласно препораките и мерките од Стратегијата, но со потреба за дополнителни интервенции во однос на одредени членови од законот, отворените прашања и дилемите кои што се јавиле во работната група.

Во месеците ноември и декември 2024 година, се спроведоа јавни дебати со стручната јавност во формат на дебати каде секој од учесниците имаше можност да даде препораки и предлози. Вкупно беа организирани пет тркалезни маси:15 ноември 2024, тркалезна маса со претставници на стручна јавност, Скопје, 28 ноември 2024, тркалезна маса со судии од подрачјето на Апелациониот суд Битола, 3 декември 2024, тркалезна маса со судии од подрачјето на Апелациониот суд Штип, 13 декември 2024, тркалезна маса со судии од подрачјето на Апелациониот суд Гостивар и 20 декември 2024, тркалезна маса со судии од Врховниот суд на РСМ, од подрачјето на Апелациониот суд Скопје и од управните судови

На консултациите учествуваа и дадоа придонес повеќе од 100 судии и други претставници од стручната јавност. Цели на консултациите беа: презентирање и запознавање на судиите и експертската јавност со содржината на работната верзија од нацрт-измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет,

изготвени од страна на работната група, поттикнување стручна дискусија за нацрт-измените и нивната соодветност за решавање на суштинските проблеми во работата на Судскиот совет, идентификување и формулирање препораки за подобрување на нацрт- амандманите и дополнувањата.

По завршувањето на јавните дебати се пристапи кон формирање на оптимизирана работна група од 11 членови од академската заедница, судскиот совет, судството и граѓанскиот сектор, која ја ревидираше работната верзија на Предлог законот од претходната работна група, земајќи ги во предвид сите забелешки и препораки од јавните дебати со што се финализираше Предлогот на Законот за Судскиот совет. Од работната група беа дел експерти од ЕУ проект „Владеење на правото, а процесот го следеа и претставници од Амбасадата на САД, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и Делегацијата на ЕУ.

Во текот на постапката за консултации, предлог-законот ќе биде објавен на ЕНЕР и доставен до надлежни институции на разгледување заради добивање на мислења и забелешки. Предлог-законот е доставен на мислење до Венецијанска Комисија и ќе биде доставен во владина постапка.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Со внесување на измените во законот кои изнесуваат многу повеќе од 1/3 од одредбите, се пристапи кон изработка на целосно ново законско решение. Посебен акцент на измените е ставен во деловите на законот кои се однесуваат на услови и постапка за избор на членовите на Судскиот совет, мандат и одговорност на членовите на Судскиот совет, постапката за утврдување дисциплинска одговорност на судија вклучувајќи и постапка по жалба и други измени.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*

- Деловникот на Судскиот совет во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

- Судски совет на Република Северна Македонија

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од министерот за правда**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 13-05-2025

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË * Скопје-Shkup *

Потпис на министер